Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Сл.весник на РМ" бр.27/14 и 199/14), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Член 1

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија бр. 02-15382/2 од 14.09.2015 година, бр.02-19053/1 од 11.11.2015 година, бр.02-3799/1 од 09.03.2016 година, бр. 02-3304/3 од 28.02.2018 година, бр.02-8486/1 од 07.06.2018 година, бр. 02-10240/1 од 11.07.2018 година, бр.02-13635/1 од 21.09.2018 година, бр.02-14270/1 од 08.10.2018 година, бр.02-15270/1 од 26.10.2018 година, бр. 02-17714/1 од 28.10.2019 година, бр. 02-8331/1 од 22.06.2020 година, 02-16219/1 од 17.12.2020 година, 02-3093/1 25.02.2021 година, бр. 02-4872/1 од 05.04.2021 година, бр. 14356/1 од 04.10.2021 година, 02-16416/1 од 19.11.2021 година, бр. 18102/1 од 15.12.2021 година, бр. 02-10814/1 од 14.07.2022 година и 02-14235/8 од 21.07.2023 година.

Член 2

Во Табеларниот приказ на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во точката 1 која гласи: работното место со реден број 1, со шифра "ФЗО0102Б02001 и назив Шеф на кабинет", во делот образование зборовите: "Правни науки, политички науки, организациски науки и управување (менаџмент)" се заменуваат со зборовите: "Општествени науки – економија и бизнис, право".

Член 3

Во Глава I-А Сектор за комуникации и административна поддршка, во Одделението I-А.1 Одделение за комуникација и административна поддршка, во точката 3-А која гласи: работното место со реден број 3-А, со шифра "ФЗО0102Б04003 и назив Самостоен стручен соработник за комуникации и административна поддршка", во бројот на извршители бројот "1" се заменува со бројот "3"

Член 4

Во Глава III СЕКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ, во точката 1 која гласи: работното место со реден број 1, со шифра "ФЗО0102Б01001 и назив Директор на сектор за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување", во делот образование зборовите: "правни науки"се заменуваат со зборовите „Општестени науки - право, екомомија и бизнис".

Член 5

Во Глава IV. Сектор за контрола, IV.1. Одделение за контрола, IV.1.2. Оддел за контрола на установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита, во точката 12-А која гласи: работното место со реден број 12-А, со шифра "ФЗО0102В03001 и назив Стручен соработник за контрола на здравствени установи ", во бројот на извршители бројот "1" се заменува со бројот "2"

Член 6

Во Глава IV-А. Сектор за ортопедски помагала и специфични здравствени услуги, во точката 1 која гласи: работното место со реден број 1, со шифра "ФЗО0102Б1001 и назив Директор на Сектор за ортопедски помагала и специфични здравствени услуги ", во делот на образование зборовите: " Правни науки, економски науки, образование" се заменуваат со зборовите „Медицински и здравствени науки".

Член 7

Во Глава VI. Сектор за финансиски прашања, VI.1. Одделение за буџетска координација и преговарање, во точката 4 која гласи: работното место со реден број 4, со шифра "ФЗО0102В01001 и назив Стручен соработник за договарање и преговарање", во делот образование зборовите: "Економски науки, правни науки, медицински науки" се заменуваат со зборовите „Општествени науки - екомомија и бизнис, или право".

Член 8

Во Глава VII Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки, во VII.2 Одделение за трезорско работење, во точката 11 која гласи: работното место со реден број 11, со шифра "ФЗО0102В03001 и назив Стручен соработник III ниво - Стручен соработник за трезорско работење", во делот образование зборовите: " Економски науки, организациони науки и управување " се заменуваат со зборовите „Општествени науки - екомомија и бизнис", во бројот на извршителите: бројот "1 "се заменува со бројот "3".

Член 9

Во Глава VII Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки, во VII.2 Одделение за трезорско работење, во точката 12 која гласи: работното место со реден број 12, со шифра "ФЗО0102Г01001 и назив Референт – централа VI степен - Референт за трезорско работење I ниво", со број на извршители 1, се брише.

Член 10

Во Глава VII Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки, во VII.3 Одделение за јавни набавки, во точката 21 која гласи: работното место со реден број 21, со шифра " ФЗО0102В04001 и назив Соработник за следење на склучени договори за ЈН кои потекнуваат од одделението за ЈН", во делот образование зборовите: " Економски науки, организациони науки и управување " се заменуваат со зборовите „Општествени науки - екомомија и бизнис, или право", во бројот на извршителите: бројот "2 "се заменува со бројот "3".

Член 11

Во Подрачна служба – Берово, во Одделение за спроведување на здравствено осигурување, во точката 3 која гласи: работното место со реден број 3, со шифра "ФЗО0102Г03001 и назив Референт за облог на придонес ", со број на извршители 1, се брише.

Член 12

Во Подрачна служба – Битола, во Одделение за надоместоци и придонеси, во точката 10 која гласи: работното место со реден број 10, со шифра "ФЗО0102Г02001 и назив Референт за облог на придонес на самостојни вршители на дејност", со број на извршители 2, се брише.

Член 13

Во Подрачна служба – Делчево, по точката 1 која гласи: по работното место со реден број 1, со шифра "ФЗО0102Б03001 и назив Раководител" се додава ново работно место со реден број 1-А кој гласи:

Реден број и шифра	**1-А.ФЗО0102Б04002**
Звање на работно место	**Финансиски контролор**
Назив на работно место	**Финансиски контролор на ЈЗУ**
Број на извршители	1
Вид на образование	Општествени науки – Економија и бизвнис
Други посебни услови	
Работни цели	- Финансискиот контролор на подрачната служба со својата работа има за цел квалитетно извршување на работните задачи со цел укажување на процеси каде може да се унапреди соработката со здравствените установи за подобри здравствени услуги со помали средства согласно позитивните законски прописи и нормативни акти.
Работни задачи	1. Вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите од негов делокруг;

	2. Теренска и вонтеренска финансиска контрола на јавните здравствени установи, согласно законските прописи при што се врши проверка на точноста и усогласеноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности и создавање на обврските и расходите, со законите, подзаконските акти и интерните акти, одлуки и договори, како и контрола на наменското и економичното користење на средствата на здравствените установи остварени од ФЗОРСМ за остварување на здравствени услуги на осигурените лица; 3. Спроведување на целосни теренски контроли, спроведување на периодични (квартални) теренски контроли согласно Акциониот годишен план за финансиска контрола на ЈЗУ и наменски теренски контроли по барање на менаџментот на ФЗОРСМ; 4. Вонтеренска контрола базирана на податоците за реализација на средствата добиени од одделот за трезорско работење; 5. Подготовка на записници и извештаи за извршените контроли; 6. Анализа на записници и извештаи од спроведените контроли; 7. Следење и примена на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиската контрола.
Одговара пред	Пред Б2 и раководител на одделение за буџетска и финансиска контрола при ФЗОРСМ.

Член 14

Во Подрачна служба – Делчево, точката 6 која гласи: работното место со реден број 6 со шифра "ФЗО0102Г02001 и назив Референт за облог со придонес", со број на извршитеи 1, се брише.

Член 15

Во Подрачна служба – Гостивар, во Одделение за анализа и контрола, точката 26 која гласи: работното место со реден број 26, со шифра" ФЗО0102В02001 и назив Контролор на придонес ", во бројот на извршителите: бројот "3"се заменува со бројот "4".

Член 16

Во Подрачна служба – Крива Паланка, по во точката 10 која гласи: работното место со реден број 10, со шифра "ФЗО0102Г03001 и назив Референт за следење на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита", се додава ново работно место со реден број 10-А кој гласи:

Реден број и шифра	**10-А.ФЗО0102В04001**
Звање на работно место	**Соработник во подрачна служба**
Назив на работно место	**Соработник за следење на основните здравствени услуги во примарна здравствена заштита**
Број на извршители	
Вид на образование	Општестени науки – економија и бознис
Други посебни услови	
Работни цели	Административен службеник со својата работа има за цел ефикасно, ефективно и квалитетно да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на институцијата и задачи од делокругот на одделението за анализа и контрола.
Работни задачи	1. Врши административни работи од надлежност на одделението за анализа и контрола; 2. Ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајки ги меѓународните договори на кои РСМ им пристапила или ги ратификувала; 3. Спроведува едноставни рутински стручно-административни, административно-надзорни, финансиски и други работи од административна природа во согласност со општите упатства на непосредно претпоставениот раководен административен службеник и под надзор; 4. Ги прима, проверува, ликвидира и специфицира фактурите од здравствените установи во примарна здравствена заштита и изготвува вирмани за истата; 5. Ја контролира пресметката по капитација; 6. Води книга за извршени исплати; 7. Врши контрола, ликвидирање и исплата на фактури од други доверители за разни набавки и услуги; ши теренска контрола во ПЗУ; готвува записници за контрола; ставува записници до ФЗОРСМ.

Одговара пред	Претпоставениот раководен административен службеник од нивото Б3 односно раководител на подрачна служба

Член 17

Во Подрачна служба – Прилеп, во Одделение за надоместоци, здравствено осигурување и правно административни работи, во точката 9 која гласи: работното место со реден број 9 со шифра "ФЗО0102Г03001 и назив Референт за пријави и одјави", во бројот на извршители: бројот "1" се заменува со бројот "2".

Член 18

Во Подрачна служба – Прилеп, во Одделение за надоместоци, здравствено осигурување и правно административни работи, по во точката 10 која гласи: работното место со реден број 10 со шифра "ФЗО0102Г03001 и назив Референт за облог со придонес", се додава ново работното место со реден број 10-А кој гласи:

Реден број и шифра	**10-А.ФЗО0102Г03001**
Звање на работно место	**Референт III ниво во подрачна служба**
Назив на работно место	**Референт за заверка на ортопедски помагала**
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо/ средно гимназиско или средно стручно (економски смер)
Други посебни услови	
Работни цели	- Референтот за заверка на ортопедски помагала со својата работа има за цел ефикасно, ефективно и квалитетно да го поддржи спроведувањето на работите од делокругот на својата организациона единица; штита на материјални интереси на ФЗОРСМ.
Работни задачи	1. Учествува во извршувањето на помошно-стручни, административно-технички и други работи од административна природа; 2. Врши рутински помошно-стручни административно-технички, или работи од други области а кои се од административна природа,под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник;

	3. Врши увид во исправноста на документација при издавање на ортопедски помагала; 4. Спроведува компјутерска заверка на потврдата за потреба од протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали и заботехнички средства според индикации утврдени со општ акт на ФЗОРСМ; 5. Соработува со лекарска комисија за заверка на ортопедски помагала; 6. Врши прием и чување на изјави за издадени на користење и вратени инвалидски колички.
Одговара пред	Претпоставениот раководен административен службеник од ниво Б4 односно шеф на одделение за надоместоци, придонеси и правно административни работи.

Член 19

Во Подрачна служба – Радовиш, во точката 9 која гласи: по работното место со реден број 9 со шифра "ФЗО0102Г04001 и назив Оператор за издавање на ЕЗК" се додава ново работното место со реден број 10 кој гласи:

Реден број и шифра	**10.УПР0405А03001**
Звање на работно место	**Курир во подрачна служба**
Назив на работно место	**Курир**
Број на извршители	1
Вид на образование	Средно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Навремена писмена комуникација со државни органи и јавни служби.
Работни задачи	1. Носење на приемна и отпремна пошта; 2. Разнесување на пошта во ПС; 3. Одржување на пристап до ПС во зимски услови; 4. Прием на канцелариски материјали и негово складирање; 5. Транспорт на архивски материјал до магацин.
Одговара пред	Претпоставениот раководен адиминистративен службеник од нивото Б3 односно раководител на подрачна служба.

Член 20

Во Подрачна служба – Скопје, во точката 5 која гласи: работното место со реден број 5 со шифра "ФЗО0102В02002 и назив Стручен соработник за инвестиции", со број на извршители 1, се брише.

Член 21

Во Подрачна служба – Скопје, во Одделение за остварување на придонес, во точката 27 која гласи: работното место со реден број 27 која гласи; " ФЗО0102Г03001 Референт за работа со приватни работодавци" , во бројот на извршители; бројот "2" се заменува со бројот "1"

Член 22

Во Подрачна служба – Скопје, во Одделение за остварување на придонес, во точката 31 која гласи: работното место со реден број 31, со шифра " ФЗО0102Г04001 и назив Дактилографадминистратор", со број на извршители 2, се брише.

Член 23

Во Подрачна служба – Скопје, во Одделение за финансии и анализа, во точката 46 која гласи: работното место со реден број 46, со шифрА " ФЗО0102Г03001 и назив Оператор за печатење на потврди за платен придонес", во бројот на извршителите; бројот "2" се заменува со бројот "1".

Член 24

Во Подрачна служба – Скопје, во Одделение за финансии и анализа, во точката 51 која гласи: работното место со реден број 51 со шифра " ФЗО0102Г03001 и назив Референт за издавање на потврди за платен придонес", во бројот на извршителите; бројот "2" се заменува со бројот "1"

Член 25

Во Подрачна служба – Скопје, во Одделение за трезорско работење, во точката 56 која гласи: работното место со реден број 56 со шифра " ФЗО0102Г02001 и назив Референт за трезорско работење II ниво", во бројот на извршителите; бројот "2" се заменува со бројот "1".

Член 26

Во Подрачна служба – Штип, во Одделение за надоместоци, здравствено осигурување и правно административни работи; во точката 7 која гласи: работното место со реден број 7 со шифра " ФЗО0102Г03001 и назив Референт за пресметување и контрола на боледување и ортопедски помагала " во бројот на извршителите; бројот "2" се заменува со бројот "1".

Член 27

Во Подрачна служба – Штип, во Одделение за надоместоци, здравствено осигурување и правно административни работи, во точката 8 која гласи: работното место со реден број 8 со шифра " ФЗО0102Г02001 и назив Референт за пресметување и контрола на боледување и ортопедски помагала ", со број на извршители 1, се брише.

Член 28

Согласно извршените измени на Правилникот се прават измени и во табеларниот преглед како составен дел на Правилникот.

Член 29

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по претходно добиена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и Министерство за здравство.

Број: 02 - 27744/8
12-12-2025 **2025 год.**

УРАВЕН ОДБОР/KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar
Dritan Dauti

Изготвил: Радица Димовска
Контролирал: Зоран Печевски
Согласен: в.д. директор: Сашо Клековски